




Powered by nextsense webBuilder

ПРИЈАТЕЛИ НА ДНЕВНИК
ПРЕСПА
www.aber.net.mk

**ИНТЕРВЈУ: ВЛАДИМИР ТОДОРОВИЌ, ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР**

# Александар ќе го чуваат осум лава

Во фонтаната ќе има централен столб со кружна форма, на кој во прстени од бронза и мермер ќе биде претставена историјата на Македонија



Споменикот на Александар Македонски ќе биде грандиозен, ќе стои на кружен постамент, на кој во мермер и бронза ќе бидат гравирани сцени од македонската историја, а околу него ќе стојат осум војници на фалангата и осум лава, открива новиот градоначалник на Општина Центар, Владимир Тодоровиќ. По бурната дебата во јавноста за димензиите на споменикот на македонскиот антички војсководец и изгледот на централниот плоштад, кој ќе биде начичкан со десетина скулптури, Тодоровиќ децидно вели дека кога проектот целосно ќе заврши, плоштадот Македонија ќе биде фасцинантен.

- Во фонтаната ќе има централен столб широк околу пет метри, а висок 10 метри. Тој ќе има кружна форма и на секои два метра ќе има релјефни прстени од бронза и мермер на кои симболично, во гравури ќе биде претставена историјата на Македонија. Пред столбот ќе стојат осум бронзени војници од македонската фаланга. Столбот горе ќе заврши во кружна платформа, како чинија, на која ќе биде поставен коњаникот Александар.На работ на фонтаната ќе бидат поставени осум лава, кои ќе гледаат кон надвор, односно кон граѓаните, а ќе има и скалила. Целиот објект е фасцинантен и сите ќе се гордееме со него. Изработката на споменикот е во завршна фаза, па речиси е невозможно да се направат измени во однос на димензиите. Тој ќе биде поставен кај сегашниот кружен цветен аранжман, каде што има планирана површина за градење со пречник од околу 20 метри. Колкав ќе биде реалниот пречник на фонтаната, ќе дознаеме по завршувањето на проектот - вели Тодоровиќ.

*** Во јавноста се слушаат различни коментари за изгледот на плоштадот. Некои дури велат дека ќе личи на елитни гробишта откако ќе бидат поставени сите споменици.**

- Искрено, се чувствувам неубаво кога зборувам за ова, оти повеќе медиуми направија компјутерски симулации, кои создадоа неверојатно грда слика за идниот изглед на плоштадот. Не знам зошто медиумите така го претставуваат тоа, можеби поради скудните информации. Вистината е сосема поинаква, а во тоа сите ќе се уверат за една до две години. Сега се чувствувам должен и

АВТО+
граѓански СВЕТ
МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ
K-15 PRODUCTION
МАКСПОРТНЕТ
najdi.org.mk/blog
On.net
ВРЕМИН
Southeast European Times
Telekabel
Мрежа ЖИВО НАСЛЕДСТВО
nabu.com.mk

ние да направиме 3-Д анимација, за да покажеме како тоа всушност ќе изгледа. Ги уверувам граѓаните дека плоштадот ќе биде прекрасен, со споменици кај Камениот мост, на другата страна на плоштадот и пред кафеаните „Тренд" и „Дал мет фу". Моите впечатоците од посетите на европските градови се дека старите градови имаат мали начичкани плоштади, кои се многу позгуснати од нашиот. Такви се Келн и многу градови во Италија. Тие плоштади се стари околу 300 години. Париз, пак, го има големиот Конкорд, но јас никогаш не сум се чувствувал убаво во тој метеж од автомобили и бришан простор, без ништо особено.

*** Кога ќе почне да се гради црквата на плоштадот, оти веќе сте му издале дозвола на инвеститорот?**

- Инвеститор на црквата е Министерството за култура, по одлука на Владата за изградба и обновување на православниот храм „Свети Констатин и Елена". Таа ќе се гради на просторот пред влезот во Градскиот трговскиот центар, близу до оригиналната локација. Градежната дозвола им ја издадовме на 18 февруари годинава.

*** Не ли стравува општината дека со издавањето на градежната дозвола го прекршува Уставот, кој не дозволува со државни пари да се градат верски објекти?**

- Јас не знам кој е тој член од Уставот. Ако има прекршување, Уставниот суд ќе се изјасни за тоа.

**ОПШТИНАТА ЌЕ РАБОТИ САМОСТОЈНО**

*** Впечаток е дека досега Општина Центар работеше под притисок и по налог на Владата. Дали и во вашата работа како градоначалник ќе доминираат идеите на централната власт?**

- Вистина е дека јас не работам под притисок на Владата, напротив. Една од причините зошто се нафатив на оваа функција е бидејќи ја почувствував искрената желба на премиерот Никола Груевски да се прават само добри нешта, без позадина и малверзации. Тоа мене ме ослободува да работам самостојно. Сакам да го претставам амбиентот како работиме со премиерот. Кога имаме работна средба со повеќемина градоначалници или стручни лица, за многу работи тој ни вели: „Решете сами". Имаме многу фин амбиент за работа, ние сме тимски играчи. Јас предложив неколку капитални проекти, односно идеи за заживување на многу атрактивни локации во градот и имам слобода да ги направам, со или без поддршка на Владата.

*** Се зборуваше дека вашата претходничка Виолета Аларова ќе ви биде советник. Вистина ли е тоа?**

- И јас слушнав за тоа. Но, мене никој не ме информирал за нешто такво, ниту Аларова ниту некој од Владата. Реално гледано, не би било лошо еден до два месеца по стапувањето на функцијата со мене да биде и мојата претходничка, колку да ме воведе во тековните активности. Тоа би било добра практика, таму каде што има амбиент. Јас искрено би сакал Аларова да дојде на два-три месеци во општината како моја помош.



*** Дали наследивте празен или полн буџет од Аларова?**

- Не беше празен. Не знам што значи полн буџет, кога станува збор за општинска каса. Општината воопшто не е во долгови, во почетокот имавме околу 50 милиони денари, што е доволно за редовните активности на општината. Не сум доволно стручен за да направам финансиска ревизија на буџетот сам, можеби ќе ангажирам финансиска ревизија или ќе ја почекам државната. Одговорното лице од Секторот за финансии ми рече дека работат педантно и дека ги почитуваат сите прописи и немам сомнеж.

*** Додека сте на оваа функција планирате ли да градите уште нешто на територијата на Центар, но како ваша приватна инвестиција?**

- Кога премиерот ми ја предложи градоначалничката функција, ме замоли за една работа, а тоа е додека сум градоначалник на Центар да не градам ништо на територијата на општината, поради сомнежот за судир на интереси. Јас сепак го прашав дали можам да учествувам на јавни наддавања како приватник, но тој ми рече дека и покрај сите мои добри и чесни намери, тоа тешко ќе може да се објасни во јавноста. Тоа значи дека во следните четири години нема да градам ниту еден нов објект.

*** Во предизборието имаше забелешки дека зад цветниот пазар беа урнати сите привремени објекти, освен дисконтот „Тинекс“ затоа што сте дел од владејачката гарнитура.**

- Се работи за многу практична одлука. Во објектот што не е урнат работат 40 вработени. Јас ги замолив надлежните да почекаат додека не го завршам другиот објект во Капиштец за да ги префрлам таму работниците без да мора да им го прекинувам работниот стаж. Ако општината беше упорна да го урне и мојот објект, ќе бев принуден луѓето да ги оставам на улица. Сметам дека два-три месеци не е долг период за толеранција, всушност, јас и имав и право да го побарам тоа. Мојот договор за закуп на објектот е до 2012 година, а другите што се урнати сигурно не ги извршиле обврските од договорот. Инаку, на локацијата кај дисконтот според урбанистичкиот план треба да се гради катна гаража. За два месеца ќе ги префрлам вработените во новиот објект, по што објектот ќе се урне, а Министерството за транспорт и врски ќе ја почне постапката.

*** Вие сте успешен бизнисмен и член на Ротари клубот во Македонија. Зошто се вклучивте во политиката?**

- За мене општината е голем предизвик, оти има многу работа и многу проблеми. Секој човек во одреден период од животот сака и може, со своите квалитети, да исполни дел од очекувањата на своите блиски или на пошироката јавност. Јас ризикувам многу и ќе видиме дали по четири години од функцијата ќе заминам со помал или со поголем авторитет. Ако не успеам да бидам добар градоначалник, ќе се разочарам многу во себе.

**НЕМА ДА СУМ ПОПУСТЛИВ ЗА НИШТО**

*** Кои ќе бидат вашите приоритети?**

- Мои приоритети како градоначалник ќе бидат решавање на проблемите со хигиената и паркинг-просторот. Ако ги решам во мојот мандат, ќе се сметам за успешен. Центарот на градот е лице на државата, а сите, и домашните и странците најмногу забележуваат на нехигиената и на сообраќајниот метеж. Почнавме да работиме, но ќе треба да поминат неколку месеци за да се забележат ефектите.

*** Што е со бесправно поставените летни тераси, со узурпацијата на тротоарите од автомобили, со градилиштата што не ги почитуваат прописите?**

- Условите за летните тераси секоја година се менуваат, а промените се обврзувачки за општините. По мое мислење е најдобро да се изработи урбанистички план за поставување урбана опрема. Таков план веќе нарачавме, но уште не е готов. Согледав дека проблемот со поставувањето на урбаната опрема, фрижидерите и масите не може да се сработи за една сезона, па решив на кафеанџиите да им дозволиме годинава да работат по ланската програма. Пред една недела им дадовме известување строго да се придржуваат кон пропишаните правила. Тие и лани не ги почитувале, оваа година уште помалку ги почитуваат, но ќе забележите од понеделник како ќе се се сменат работите.

Верувајте, нема да сум попустлив за ништо и нема да оставам работите да течат туку-така. И градилиштата ќе ги средам. Сега се гради на многу места, зад „Рамстор“, кај банките, на плоштадот, кај црквата „Свети Димитрија“... Граѓаните не се должни да ја голтаат правта од градилиштата и да газат во нивната кал. Затоа писмено ги опоменавме сите инвеститори дека ќе им ги затвориме

градилиштата ако во рок од три дена не ја исчистат околината, па макар да станува збор и за мој објект.

**Марија Тасев**
**Фото Чедомир Ненковиќ**

**Оставете коментар за објавената вест**

Од кого:

Коментар:

*Ве молиме впишете ја шифрата и притиснете испрати

0802

Испрати


© 2006 Дневник, сите права задржани